Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија, врз основа на член 22 став 1 точка 16 од Законот за енергетика ("Службен весник на Република Македонија" бр.16/11, 136/11, 79/13, 164/13, 41/14, 151/14, 33/15, 192/15, 215/15, 6/16, 53/16 и 189/16) и член 45 од Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности ("Службен весник на Република Македонија" бр.143/11, 78/13, 33/15 и 207/16), постапувајќи по Барањето за менување на лиценца за вршење на енергетска дејност трговија со електрична енергија УП1 бр. 07-157/15 од 26.04.2018 година на СОЛАРПРО ХОЛДИНГ АД Софија Р. Бугарија - подружница во Република Македонија, на седницата одржана на 07.05.2018 година донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА МЕНУВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ**
**ТРГОВИЈА СО ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА**

1. Лиценцата за вршење на енергетска дејност трговија со електрична енергија на СОЛАРПРО ХОЛДИНГ АД Софија Р. Бугарија - подружница во Република Македонија издадена од Регулаторна комисија за енергетика на Република Македонија со Одлука УП1 бр. 07-157/15 од 16.02.2016 година и изменета со Одлука УП1 бр. 07-157/15 од 17.02.2017 година (Службен весник на Република Македонија бр.29/16 и 22/17) со евидентен број "ЕЕ – 262.10.1/16.2/17" се менува по барање на носителот поради настанати промени во седиштето и овластеното лице на носителот на лиценцата, и тоа во Прилог 1:
   - во точка 1 зборовите "со седиште на адреса ул. Васил Главинов бр. 16 Скопје" се заменуваат со зборовите "со седиште на Булевар Свети Климент Охридски бр.52/4 Скопје-Центар",
   - во точка 5, евидентниот број на издадената лиценца се менува и гласи: "ЕЕ – 262.10.1/16.2/17.2/18";

2. Жалбата изјавена против оваа Одлука не го одлага нејзиното извршување.

3. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

О б р а з л о ж е н и е

СОЛАРПРО ХОЛДИНГ АД Софија Р. Бугарија - подружница во Република Македонија, до Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија на 21.03.2018 година достави Барање за отпочнување на постапка за менување на лиценца УП1 бр. 07-157/15 за настанати промени кај носителот на лиценца за вршење на енергетска дејност трговија со електрична енергија, согласно член 45 став 1 од Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности.

Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија согласно член 45 став 2 од Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности со Заклучок УП1 бр. 07-157/15 од 27.03.2018 година го упати барателот кои одредби од Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности ќе се применуваат и кои документи треба да се достават во постапката за менување на лиценцата.

Барањето е поднесено поради настанати промени во седиштето и овластеното лице на носителот на лиценцата.

Барателот постапи по Заклучокот УП1 бр. 07-157/15 од 27.03.2018 година и на 26.04.2018 година достави до Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија Барање за менување на лиценцата со потребната документација.

Врз основа на член 22 став 1 точка 16 од Законот за енергетика и член 28 од Правилникот, Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија, на ден 07.05.2018 година, одржа редовна седница на која што донесе Одлука за менување на лиценца за вршење на енергетска дејност трговија со електрична енергија на СОЛАРПРО ХОЛДИНГ АД Софија Р. Бугарија - подружница во Република Македонија.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа Одлука може да се поднесе жалба до Комисијата за решавање на жалби од областа на енергетиката, во рок од 15 дена од денот на приемот.

**УП1 бр. 07-157/15**
**07.05.2018 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Димитар Петров**